ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА
„Со НЛБ MasterCard картичките најлесно до нов автомобил!“

Член 1. ОРГАНИЗАТОР
Организатор на наградната игра „Со НЛБ MasterCard картичките најлесно до нов автомобил!“, (во понатамошниот текст „Наградна игра“) е НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со седиште на ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: „Организатор“) во согласност со овие официјални правила на Наградната игра (во натамошниот текст: „Официјални правила“).

Член 2. ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Официјалното име на Наградната игра е „Со НЛБ MasterCard картичките најлесно до нов автомобил!“

Член 3. ТЕРИТОРИЈА
Наградната игра е организирана за физички лица - корисници на картички од брендот MasterCard, издадени од НЛБ Тутунска банка АД Скопје а се спроведува на сите продажни места во Република Македонија каде се прифаќаат MasterCard картичките и E - commerce (плаќања преку интернет на македонски интернет портали).

Член 4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Наградната игра ќе започне од 15.10.2015 и ќе трае до 15.11.2015 година.

Член 5. ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ
Наградната игра има за цел рекламирање на следните платежни картички за физички лица од брендот MasterCard издадени од НЛБ Тутунска банка АД Скопје:
- MasterCard Debit PayPass картички
- MasterCard Standard кредитни картички
- MasterCard Light кредитни картички
- MasterCard Gold кредитни картички

Член 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица - државјани на Република Македонија (лица со и над 18 годишна возраст), кои се корисници на една од следните картички издадени од НЛБ Тутунска банка АД Скопје:
- MasterCard Debit PayPass картички
- MasterCard Standard кредитни картички
- MasterCard Light кредитни картички
- MasterCard Gold кредитни картички

и кои на денот на извлекување на наградата немаат достасани, а неподмирени обврски постари од 30 дена кон ОРГАНИЗАТОРОТ кои произлегуваат од користењето на горенаведените картички.
Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства.

Член 7. МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
Учесник во наградната игра е секое лице квалификувано за учество во Наградната игра, кое во периодот во кој ќе се одвива наградната игра, направи минимум една трансакција со горенаведените типови на картички на износ еднаков или поголем од 500,00 МКД, во понатамошниот текст квалификувана трансакција.
Учесникот во наградната игра кој има направено само една квалификувана трансакција во периодот назначен како период на наградната игра има право да добие само една дневна или неделна награда како и право на учество во извлекувањето за главната награда.

Учесникот кој има направено две или повеќе квалификувани трансакции може да добие само една дневна награда и само една неделна награда (со различна трансакција од добитната за дневната награда), како и право на учество во извлекувањето за главната награда.
Еден добитник не може да добие повеќе дневни или повеќе неделни награди.
Во наградната игра се вклучени сите трансакции еднакви или поголеми од 500,00 МКД направени со MastercCard картичките на НЛБ Тутунска банка АД Скопје наведени во член 5, на ПОС терминал во било кое продажно место во земјата каде се прифаќа горенаведениот бренд и e-commerce (плаќање преку интернет на македонските интернет портали).
Во наградната игра не се вклучени исплати на готовина од банкомат или банкарски шалтери.
Трансакциите извршени од корисниците на дополнителните картички поврзани со основната кредитна картичка / единствената трансакциска сметка на корисникот на картичката се евидентираат во корист на носителот на основната картичка / имателот на трансакциската сметка за целите на Наградната игра.

Член 8. НАГРАДИ ОД НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра ги нуди следните награди:

Дневни награди:

	Тип на награда	Поединечна цена	Количина	Вкупно
1.	**Парична награда на износ од 3.000,00 мкд која може да се искористи во одредени продажни места***	**3.000,00**	**42**	**126.000,00**
2.	**Парична награда на износ од 5.000,00 мкд која може да се искористи во одредени продажни места ***	**5.000,00**	**42**	**210.000,00**

Неделни награди:

	Тип на награда	Поединечна цена	Количина	Вкупно
1.	**Парична награда на износ од 10.000 мкд која може да се искористи во одредени продажни места ***	**10.000,00**	**10**	**100.000,00**
2.	**Парична награда на износ од 30.000 мкд која може да се искористи во одредени продажни места ***	**30.000,00**	**5**	**150.000,00**

Главна награда:

	Поедининечна цена со вклучен ДДВ
Автомобил – Mitsubishi ASX	**833.064,00**

*Средствата од паричните награди ќе бидат депонирани на посебна картична сметка / платежна картичка која ќе биде отворена и ќе може да се користи само за целите на наградната игра. Добитникот на паричните награди има право да ги користи добиените средства само во наведените продажни места:

1. БАСЛЕР (РАМСТОР)
2. БАТА (СИТИ МОЛ, РАМСТОР)
3. БИГ БОКС
4. БИТСИАНИ (СИТИ МОЛ, СОРАВИА)
5. ЦЕЛИО (СИТИ МОЛ)
6. ЦМ ДЕЛТА АУТЛЕТ
7. ФЕШН & ФРЕНДС (СИТИ МОЛ)
8. ФЕШН ГРУП АУТЛЕТ (ГТЦ)
9. ФЕШН ИД (СИТИ МОЛ)
10. ФИОРЕЛА РУБИНО (ГТЦ)
11. ФУЛ ПЛЕЈТ (ВЕРО ЦЕНТАР)
12. ГАНТ ПОЛО РАЛФ ЛАУРЕН (СИТИ МОЛ)
13. ГЕОКС (СИТИ МОЛ)
14. ГЕРИ ВЕБЕР (ГТЦ)
15. ГОЛДЕН ПОИНТ (СИТИ МОЛ, РАМСТОР)
16. ГУДИС (ВЕРО ЦЕНТАР)
17. ХУГО БОС
18. ЏАМБО (ВЕРО ЦЕНТАР)
19. КАМ (сите маркети)
20. КОСМО (сите продажни места)
21. ЛАКОСТ, ГАНТ (РАМСТОР)
22. ЛИУ - ЏО (РАМСТОР)
23. ЛОКСИТАН (СИТИ МОЛ, РАМСТОР)
24. МАГНЕТИК АУТЛЕТ
25. МАНГО (СИТИ МОЛ, ГТЦ)
26. МАРЕЛА (РАМСТОР)
27. МАКС & КО (РАМСТОР)
28. МОТИВИ (РАМСТОР, СИТИ МОЛ)
29. МАЈ ТАЈМ (сите продажни места)
30. НАУТИКА ЛАКОСТ (СИТИ МОЛ)
31. НЕПТУН (сите продажни места)
32. ОКАИДИ (СИТИ МОЛ, РАМСТОР, СУМА КУМАНОВО)
33. ОЛТРЕ РАМСТОР
34. ПАРФОИС (СИТИ МОЛ, РАМСТОР)
35. ПАУЛ & ШАРК (РАМСТОР)
36. ПЕНИ БЛЕК (РАМСТОР)
37. РОЈАЛ ХАУС
38. СПРИНГФИЛД (СИТИ МОЛ, ГТЦ, РАМСТОР)
39. СКВЕР БИСТРО (ВЕРО ЦЕНТАР)
40. СТОКОМАК (сите маркети)
41. СВАРОВСКИ
42. ТИМБЕРЛАНД (СИТИ МОЛ, РАМСТОР)
43. ТИНЕКС (сите маркети)
44. ТОМИ ХИЛФИГЕР (ГТЦ)
45. ТРАВЕЛ СОЛУШН (ЗЕБРА)
46. ВЕРО (сите маркети)
47. ВОМАН СИКРЕТ (СИТИ МОЛ)

Продажните места со сите локации ќе бидат објавени на официјалната веб страна на Организаторот www.nlbtb.com.mk
Добитникот на паричната награда има право да ги искористи средствата еднократно (во целост) или повеќекратно (во парцијални износи) на едно или повеќе од наведените продажни места.
Организаторот не го ограничува корисникот околу начинот на искористување на добиените парични средства. Добиените парични средства треба да се искористат во рок од 30 дена од денот на подигнување на наградата.

Количините на наградите од Наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се претходно определени.

Вкупниот број на награди е 100, а вкупната вредност на наградниот фонд е 1.419.064,00 МКД со вклучен ДДВ.

Член 9. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

Извлекувањето на наградите ќе се врши секој ден во периодот од 16.10.2015 до 16.11.2015 година.

Во текот на наградната игра ќе се доделуваат три типа на награди:

- Дневна награда
  Секој работен ден, почнувајќи од16.10.2015 до 16.11.2015 година ќе се извлекуваат 4 добитници на дневни награди и тоа: двајца добитници на парична награда на износ од 3.000,00 мкд (која може да се искористи на одредени продажни места) и двајца добитници на парична награда на износ од 5.000,00 мкд (која може да се искористи на одредени продажни места). Извлекувањето на добитниците ќе се врши од трансакциите направени од почетокот на играта

од 15.10.2015 од 00:00 часот, заклучно со трансакциите направени до 23:59 часот на денот кој претходи на денот на извлекувањето.
Во првото извлекување на 16.10.2015 година ќе бидат земени трансакциите направени од 15.10.2015 од 00:00 часот до 23:59 часот на 15.10.2015 година. Во секое следно извлекување на дневни награди ќе бидат вклучени сите трансакции од 15.10.2015 година од 00:00 часот до 23:59 часот претходниот ден од денот на извлекувањето, а ќе бидат исклучени добитните трансакции на дневна или неделна награда.
Дневните извлекувања ќе се одвиваат секој работен ден во 9.00 часот

- Неделна награда
  Неделните извлекувања ќе бидат во следните денови:
  19.10.2015 – понеделник во 12 : 00 часот
  26.10.2015 – понеделник во 12 : 00 часот
  02.11.2015 – понеделник во 12 : 00 часот
  09.11.2015 – понеделник во 12 : 00 часот
  16.11.2015 – понеделник во 12 : 00 часот

  Во погоренаведените термини ќе се извлекуваат по 3 добитници на неделни награди и тоа: двајца добитници на парична награда на износ од 10.000,00 мкд (која може да се искористи на одредени продажни места) и еден добитник на парична награда на износ од 30.000,00 мкд (која може да се искористи на одредени продажни места). Извлекувањето ќе се прави од трансакциите направени од почетокот на играта, односно од 15.10.2013 година од 00:00 часот заклучно со претходниот ден од денот на извлекувањето, за трансакциите направени до 23:59 часот. Од неделните извлекувања ќе бидат исклучени добитните трансакции на дневна награда и добитните трансакции на неделна награда.

- Главна награда
  По завршување на наградната игра на 16.11.2015 година во 12:00 часот ќе се извлекува главната награда од трансакциите направени од почетокот на играта до моментот на нејзиното завршување. Во извлекувањето за главната награда ќе бидат вклучени сите трансакции од 15.10.2015 година од 00:00 часот до 15.11.2015 година до 23:59 часот. Во извлекувањето за главната награда ќе бидат вклучени и добитните трансакции на дневна и неделна награда.

Добитници:

- Добитникот на една дневна награда:

Не учествува во следните дневни извлекувања и не може да добие друга дневна или неделна награда со истата трансација.
Доколку добитникот има направено барем уште една квалификувана трансакција, различна од добитната, за времетраење на наградната игра, не може да учествува во извлекување на дневна награда, но може да учествува во извлекувањето за неделна награда во преостанатиот период од наградната игра.
Без разлика дали добитникот на дневна награда има или нема направено друга трансакција, различна од добитната, тој ќе биде вклучен во извлекувањето за главната награда со сите направени квалификувани трансакции.

- Добитникот на една неделна награда:

Не учествува во следните неделни извлекувања, и не може да добие друга неделна или дневна награда со истата трансакција.
Доколку добитникот има направено барем уште една квалификувана трансакција, различна од добитната, за времетраење на наградната игра, не може да учествува во извлекувањето за неделна награда, но може да учетвува во извлекувањето за дневна награда во преостанатиот период од наградната игра.
Без разлика дали добитникот на неделна награда има или нема направено друга трансакција, различна од добитната, тој ќе биде вклучен во извлекувањето за главната награда со сите направени квалификувани трансакции.

- Главна награда

Во извлекувањето за главната награда учествуваат сите иматели на платежни картички од брендот MasterCard на НЛБ Тутунска банка АД Скопје наведени во член 5, кои направиле минимум една квалификувана трансакција без разлика дали претходно добиле или не дневна, односно неделна награда. Во извлекувањето не се исклучува ниедна трансакција, еднаква или поголема од 500,00 мкд направена со MasterCard картичките наведени во член 4, во периодот од 15.10.2015 година од 00:00 часот до 15.11.2015 година до 23:59 часот. Извлекувањето се прави од сите направени трансакции за времетраење на наградната игра.

Извлекувањата на наградите и определување на добитниците ќе се врши електронски, по случаен избор со помош на софтвер во просториите на Дирекцијата на Банката на ул. Мајка Тереза бр.1, Скопје. Извлекувањата на дневните награди ќе се контролираат од страна на комисија составена од 3 члена – вработени во Банката, а извлекувањата на неделните награди и на главната награда ќе се контролираат од страна на четиричлена комисија составена од 3 вработени во Банката и нотар, преку генерирање на соодветни извешати во системот на Банката.

Член 10. ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

Списокот на добитници ќе биде објавен на веб страната на Организаторот www.nlbtb.com.mk, и на Facebook профилот на Организаторот, веднаш по извлекувањето на дневните, неделните и главната награда, во рок од еден час по извлекувањето.
Добитниците на наградите се должни во рок од 60 дена од денот на објавување на добитниците на веб страната на Организаторот www.nlbtb.com.mk да ги подигнат наградите. Наградите може да се подигнат секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот на следната адреса: НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за контрола, координација и маркетинг, Ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје. По конечна реализација на сите награди престануваат сите обврски на Организаторот на Наградната игра спрема добитниците.

Член 11. ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на наградната игра.

Член 12. ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА

Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци или одговорности поврзани со наградата, вклучувајќи и персонален данок за секоја награда која поединечно го надминува износот од 5,000.00 денари.
Наградите не се пренесуваат ниту се препишуваат пред предходно доделување на истите.

Член 13. КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Организаторот има право личните податоци на добитниците да ги користи во своите идни маркетинг активности по претходно добиена писмена согласност од страна на добитникот за користење на неговите лични податоци.
Доколку добитникот не сака неговите лични податоци да бидат искористени за горенаведените активности, може да прати допис до Организаторот, врз основа на кој неговите/нејзините лични податоци ќе се исклучат од понатамошно користење во такви цели.

Член 14. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на списокот на добитници да поднесе приговор во писмена форма до Организаторот на Наградната игра, кој е должен во рок од 3 (три) дена писмено да одговори на добиениот приговор.

Член 15. ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Организаторот има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, со поднесување на образложено барање и по добивање на одобрение од Министерството за финасии и да ја извести јавноста преку дневниот печат, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

Член 16. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците истиот ќе се решава спогодбено преку медијација или на друг мирен начин а во случај кога тоа не е можно ќе решава стварно надлежен суд во Скопје.

Член 17. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА

Пред почетокот на наградната игра, а по добивање на согласност од Министерството за финансии, Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб сајтот на Организаторот www.nlbtb.com.mk и делумно објавени на рекламниот материјал поставен во дел од продажните места со кои Организаторот има склучено Договор за прифаќање на картички.

Член 18. ПРОМОЦИЈА НА НАГРАДНАТА ИГРА

За промоција на Наградната игра ќе бидат користени следниве средства:
1. Телевизиски спот
2. Радио реклама
3. Рекламни огласи во печатени медиуми
4. Флаери и постери во експозитурите
5. Билборди
6. Рекламни пораки на веб сајтот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје (www.nlbtb.com.mk)
7. Рекламни пораки на банкоматите на НЛБ Тутунска банка банка АД Скопје
8. Рекламен материјал поставен во дел од продажните места со кои НЛБ Тутунска банка има склучено Договор за прифаќање на картички.
9. Директна пошта до имателите на картички

Член 19. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие Правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерот за финансии на Република Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградите.